## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СТВАРНО ПРАВО“ ОД ПРОФ. Д-Р ВОЈО БЕЛОВСКИ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр.1602-238/68 од 106. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 7.10.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Осман Кадриу - редовен професор на Факултетот за правни науки при Универзитетот ФОН во Скопје;
– проф. д-р Игор Камбовски - вонреден професор на Факултетот за правни науки при Универзитетот ФОН во Скопје,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „СТВАРНО ПРАВО“ од проф. д-р Војо Беловски, наменет за студентите од прв и втор циклус на студии при Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на правниот факултет го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Стварно право“ е наменет пред сè за студентите на прв циклус студии, за предмет со наслов Основи на граѓанското и стварното право, во трет семестар (заедно со Основи на граѓанското право) и со неделен фонд од три часа. Учебникот по Стварно право е во согласност со Наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи околу 250 страници. Трудот е пишуван во А4 формат, со проред 1.5, фонд Arial, а големина на буквите е 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на случен или ист наслов:** Трудот е креиран врз основа на потребата за создавање на учебник, што од теоретски и од практичен аспект ќе им овозможи на студентите да стекнат знаење од областа на стварното право, како една од темелните граѓанско-правни дисциплини. Ваков учебник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип досега не е издаван. Постои учебник на Правниот факултет во Скопје со истиот наслов.

Потребата за изработка на ваков учебник одамна е присутна, иако досега од истиот автор беше издадена скрипта (авторизирани предавања) по предметот Стварно право.

Изучувањето на ова проблематика е значајно и нужно за студентите, со оглед на фактот дека стварното право како правна гранка е дел од граѓанското право, како семејство од правни гранки, кое семејство покрај стварното право го сочинуваат и правните гранки именувани како *општ дел на граѓанското право* или *основи на граѓанското право, облигационото право и наследното право*.

Материјалот обработен во учебникот се карактеризира со голема теоретска и практична значајност, како за студентите од прв и втор циклус, така и за сите останати субјекти, кои покажуваат интерес за оваа вечно актуелна проблематика, пред сè за правото на сопственост и другите стварни права и нивната правна заштита.

**Краток опис на содржината:** Содржински, трудот е конципиран во 15 посебни глави. Авторот се раководи секое поглавје да следува по оној ред како што е конципиран Законот за сопственост и други стварни права.

**ПРВ ДЕЛ – Вовед.** Првата глава по воведот се однесува на стварното право како објективно право, што подразбира систем на норми (збир на правни правила) на граѓанското

право со кои се уредуваат оние односи што настануваат меѓу луѓето во врска (по повод) со остварувањето на непосредната – директната власт на стварите, призната од државата. Втората глава од материјалот се однесува на стварното право како субјективно право. За да може да се дефинира стварното право како субјективно право неопходно е прво да ја претставиме неговата правна природа. Постоењето на стварното субјективно право е условено од постоењето на две претпоставки: а) лична (субјективна) и б) материјална (стварта). Двете претпоставки, двата пола, личниот и материјалниот се доволни да се конституира одредено субјективно стварно право. Тоа може да се манифестира во одреден облик или форма: како право на сопственост, на службеност, на залог, на реален товар и друго. Во ова глава се обработени и „карактеристиките на субјективните стварни права и тоа: стварноправноста (непосредноста) на стварните права; апсолутноста и законската определеност на стварните права и нивната содржина.

Во **третата глава** е обработена темата насловена како *Стварното право како наука*. Стварното право како наука е дел од граѓанското право како наука. Тоа е научна дисциплина што за свој предмет на проучување ги има стварноправните норми, односно стварното право како објективно право. Науката за стварно право има задача да го изучува објективното стварно право онака како што е нормирано во правните прописи и при тоа критички да ги оценува, односно анализира и систематизира. Тоа го прави de lege lata (врз нормите според постојниот закон) и дава свое мислење за законот - de lege ferenda (за иднина, според законот што треба - или ќе се донесе).

**Четвртата глава** се однесува на *системот на стварно право* кој ги опфаќа сите стварноправни институти како комплекс на стварноправни те норми.

**ВТОРИ ДЕЛ – Вовед. Право на сопственост.** Во оваа глава, во воведниот дел се обработени поимот сопственост, сопственоста и присвојувањето, сопственоста и трудот и сопственоста и имотот.

Сопственоста е основна категорија на граѓанското (имотното) право, па и на стварното право. Меѓутоа, сопственоста е и основна општествена и економска категорија во секое општество.

Со оглед на тоа дека сопственоста значи групно или поединечно присвојување на средствата за производство и за потрошувачка, неопходни за човечкиот живот, таа го означува односот меѓу луѓето во однос спрема тие ствари, познат како *основен производствен однос*.

За задоволување на своите потреби човек *присвојува* природни добра, било земајќи ги непосредно од неа (екстративна индустрија, лов, риболов), било со преработка на материи што се наоѓаат во природата. Според тоа, секое производство е присвојување на природата. Човекот никогаш не произведувал и не живеел сам, туку само како член на една определена заедница. Во овој поглед е позната Марксовата мисла дека „секое производство е присвојување на природата од страна на одделните лица во рамките на некој утврден општествен облик и со негово посредство" (од *Капиталот,* Вовед во критиката на политичката економија).

Глава прва е посветена на содржината, правното дејство, ограничувањето и предметот на правото на сопственост според Законот за сопственост и други стварни права на Република Македонија.

Правото на сопственост, како субјективно право е стварно право што во себе содржи најшироки овластувања во однос на користењето и располагањето со една ствар, што ја сочинува содржината на правото на сопственост.

**Глава втора** насловена како *Правен режим на стварите* ги разработува прашањата: поимот ствари и видови ствари, односно подвижни и недвижни ствари, прости и сложени ствари, главни и споредни ствари, ствари од општ интерес за Република Македонија и други видови ствари.

**Глава трета** е посветена на *соседското право* т.е. на уредувањето на односите меѓу соседите како сопственици на недвижности.

Во **глава четврта** се разработени подоблиците на правото на сопственост и тоа: сосопственоста, заедничката сопственост (стекнувањето на имот во брачна и вонбрачна заедница и заедничката сопственост на наследниците) и етажната сопственост.

**Глава петта** е посветена *на стекнувањето, заштитата и престанокот на правото на сопственост*. Во правната теорија обично се прави разлика помеѓу *оригинерно* и *деривативно* стекнување како два основни вида стекнување на правото на сопственост. *Оригинерно* е она стекнување на право на сопственост, кај кое тоа право се стекнува изворно, а тоа значи - не се изведува од правото на сопственост на претходниот носител. Деривативно е она стекнување кај кое правото на сопственост на стекнувачот се изведува од правото на сопственост на неговиот претходник или, поточно речено, правото на сопственост од претходникот преминува врз стекнувачот.

Разработени се правни основи на стекнување право на сопственост според Законот за сопственост: *1) стекнување право на сопственост според закон, 2) врз основа на правна работа и 3) со наследување*. Понатаму, детално е обработено прашањето за заштитата на правото на сопственост преку т.н. сопственички тужби: **сопственичка тужба за поврат на стварта – rei vindicatio; тужба на претпоставениот сопственик – actio Publiciana и тужба поради вознемирување на сопственоста – actio negatoria.**

На крајот од оваа глава авторот ги анализира начините на престанокот на правото на сопственост и тоа начините на престанокот кои се апсолутни и релативни.

**ТРЕТ ДЕЛ - Глава прва: го објаснува поимот на владение.** Владение (possession) на *определена ствар* има секое лице кое врши фактичка власт на стварта. *Владение на право,* пак, постои тогаш кога фактички се извршува содржината на стварната службеност во однос на недвижноста. И во двата случаи, не е од значење дали таа власт е заснована на некаква правна основа или не.

Во глава втора се обработува правниот режим на владението во Република Македонија: 1. поим, субјекти и предмет на владението и 2. видови на владение.

*Поимот владение* Законот за сопственост... го определува со членот 167, ставовите 1 и 2, со кои се уредува *непосредното и посредното владение*.

Од овие и следните одредби на Законот за сопственост може да се заклучи дека правниот систем во Република Македонија во поглед на суштината на владението се темели, т.е. поаѓа од *објективната (модерната) концепција за владението*. Со законските одредби се изразува пред сè фактичката власт на стварта која се заштитува. *Субјекти на владението* според Законот за сопственост субјекти на владението можат да бидат и *физичките и правните лица*.

Субјекти на владението можат да бидат и повеќе физички и правни лица (совладетели или заеднички владетели) кои имаат фактичка власт на стварта или право.

Според ЗСДСП предмет на владението се стварите, деловите од ствари и правата. Кога предмет на владението е ствар, таа треба да е ствар во стварноправна смисла, т.е. *да може да биде објект на правото*. Тоа значи дека стварта е непосреден објект на секое субјективно право и нејзиниот носител е овластен содржината на стварното субјективно право да го извршува непосредно (сам – без асистенција на друг), без притоа да бара одобрение од било кој друг субјект. Но, тоа не значи дека носителот на стварното право вршењето на власта на стварта како содржина на тоа право не може да го препушти на друго лице. Тоа би значело дека тоа друго лице ќе ја има фактичката власт на стварта (владението), а носителот на стварното субјективно право и понатаму ќе ја има **правната власт на стварта.**

***Видови владение***

Законот за сопственост ги познава следните класификации на владението: 1. Непосредно и посредно владение; 2. Оригинерно и изведено владение; 3. Владение на ствар; 4. Владение на право; 5. Индивидуално владение, совладение и заедничко владение; 6. Законско и незаконско владение; 7. Вистинско (право, мирно) владение и невистинско (манливо, вициозно) владение; 8. Совесно и несовесно владение; 9. Владение на наследниците.

Сите овие видови владение детално се разработени од авторот.

**Глава трета** се однесува на стекнувањето заштитата и престанокот на владението и функциите на владението**.** Станува збор за: изворно и изведено стекнување на владението, наследување на владението и заштита на владението преку т.н. владетелски тужби: тужба

заради смеќавање или одземање на владение, тужба за заштита на совладение и на заедничко владение и тужба за заштита на владението на наследниците – со практични примери од судската практика.

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ - ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА.** Глава прва: Право на службеност како стварно право на туѓа ствар се однесува на стварните службености (полски, куќни и комунално-технички) личните службености (правото на плодоуживање, правото на употреба и правото на домување. Сите овие службености детално се обработени во трудот, со практични примери.

Во **глава втора** се разработува правото на залог како стварно право врз туѓа ствар со кое се обезбедува побарувањето на заложниот доверител со давање на залог на определена ствар или право во корист на заложниот доверител.

**Глава трета** е посветена на реалниот товар кој подразбира определени давања и чинења што во корист на определена недвижност или лице кое сукцесино треба да ги врши постоечкиот сопственик на определена недвижност на товар на таа недвижност. И реалните товари се прибележуваат во јавна книга за запишување на правата на недвижност.

Во **четвртата глава** од учебникот се анализира и разработува правото на долготраен закуп на градежно земјиште – воспоставено со Законот за градежно земјиште. Правниот систем на Република Македонија, поточно Законот за сопственост и други стварни права го воведува и правото на долготраен закуп на земјоделско земјиште во корист на странски физички и правни лица и во трудот се анализирани измените на Законот во поглед на стварните права на странски лица, прашање кое авторот го анализира во наредниот четврт дел од трудот

**ПЕТТИ ДЕЛ - СТВАРНИ ПРАВА НА СТРАНСКИ ЛИЦА.** Станува збор за странски физички лица кои немаат државјанство на Република Македонија и тие како и странските правни лица можат да стекнуваат право на сопственост врз подвижни ствари. Во поглед на стварните права на странски лица се направени драстични измени на Законот за сопственост и други стварни права со кои на странските физички и правни лица им се гарантира право на сопственост врз недвижни ствари под сосем поинакви услови од првобитните законски решенија. Тоа се однесува на условите за стекнување на право на сопственост врз недвижни ствари со наследување, право на сопственост на стан или станбена зграда, право на долготраен закуп на деловен простор, право на долготраен закуп на земјоделско и градежно земјиште. Јасно е потенцирано, со измените на Законот дека „странски физички и правни лица не можат да стекнуваат право на сопственост на земјоделско земјиште на територијата на Република Македонија".

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниот

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот „СТВАРНО ПРАВО“ од проф. д-р Војо Беловски ги задоволува критериумите за објавување на еден значаен труд, со помош на кој студентите ќе имаат можност полесно да ја совладаат предвидената наставна материја по предметот Стварно право. Авторот не само што се обидел, туку направил успешна комбинација на теоретскиот и законскиот дел и со практичниот аспект на оваа значајна проблематика која не следи во секојдневното живеење, односно практична примена на законските решенија. Тоа придонесува не само да се доближи предметната материја до студентите, туку ќе им биде од корист на сите кои професионално се занимаат со проучување и примена на правото, како и за пошироката стручна јавност. Посебен квалитет на овој труд му дава фактот што авторот, со своето теоретско и практично искуство, на многу едноставен, но стручен начин врши коментирање и појаснување на прописите од областа на стварното право, со практични примени.

Од ова причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме учебник со наслов „Стварно право“ од проф. д-р Војо Беловски да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Осман Кадриу, с.р.**
**Проф. д-р Игор  Камбовски, с.р.**